**П Р Е Д Л О Г**

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

I. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 26.07.2023 година, се вршат следните измени и дополнувања:

**Член 49**

1) Во член 49, став 1, точка 22, зборот "службата" се заменува со зборот "одделот".

**Член 54**

2) Во член 54, став 1, алинеа 3, пред зборот "управување" се додава зборот "стратешко", а зборот „стратегиски„ се брише.

**Член 65**

3) Во член 65, став 3, бројот "3 (три)" се менува со бројот "4 (четири)".
4) Во член 65, став 5, алинеа 1, зборовите "и развој на производи" се бришат. Во истата алинеа, по зборот "маркетинг", се додаваат зборовите "и комуникации".
5) Во член 65, став 5, алинеа 3, зборовите "активности поврзани со информатичка технологија, активности поврзани со деловни процеси и организација" се бришат.
6) Во член 65, став 5, по алинеа 3, се додава нова алинеа 4 која гласи: "Четвртиот член на Управен одбор е надлежен за активностите поврзани со информатичка технологија и активности поврзани со дигитални канали и организација".

**Член 71**

7) Во член 71, ставот 3 се брише. Се додава нов став 3 кој гласи: "Одборот има кворум доколку мнозинство од вкупниот број членови учествуваат на седницата. Одлуките се донесуваат со мнозинство од вкупниот број членови на Одборот"

**Член 76**

8) Во член 76, став 3, зборовите "деловни процеси" во алинеа 4 се заменуваат со зборовите "дигитални канали".

**Член 77**

9) Во член 77, став 1, алинеа 7, зборовите "дигитални канали и" се додаваат пред зборот "организација" и пред зборот "ИТ", се додаваат зборовите "Дирекцијата за".

**Член 85**

10) Во член 85, став 5, по зборот "години" се додаваат зборовите "или период".

**Член 106**

11) член 106 се менува и гласи како што следи:

“Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот од 26.07.2023 година.”

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.

2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Со Одлука бр.136051/1-2 од 17.11.2023 година, Надзорниот Одбор предложи неколку измени на Статутот. Измените на Статутот се предложија поради планираната реорганизација на надлежностите на Членовите на Управниот одбор, како и зголемување на нивниот број од 3 (три) на 4 (четири) Членови, што ќе овозможи имплементација на дигиталната стратегија на Банката. Поврзано со тоа, кворумот и гласањето беше соодветно регулирано, согласно член 355 од Законот за трговски друштва. Истовремено, поради планирата измена на организациската структура на Банката, беа предложени адекватни прилагодувања.

Во рамките на постапката за добивање претходна согласност за измени на Статутот, на ден 24.11.2023 година, НБРСМ достави допис до Банката во кој констатира дека предложениот начин на кворум и гласање на УО, не ја одразува волјата на мнозинството членови. Оттаму посочуваат дека кворумот за седници и одлуки треба да биде просто мнозинство, односно тројца од сите четворица членови на УО.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач